Сања Јовановиќ Канатларци
22.12.25

# WebMail

sanja.jovanovic@adsdp.mk | Help | Log Out

Mail Addresses Options

Mail Accounts

- Inbox 22
- Drafts
- Sent Items
- Trash 7

My Mail Folders

- Junk E-mail
- Spam

Capacity

999.6 MB / 2.0 GB

Choose an Action | Find Emails | Advanced Search | White List

<< Back to Inbox

## Fw: Барање за утврдување на правен статус и корисник на државен објект – КП 830/1, КО Канатларци

From: adsdp@adsdp.mk [adsdp@adsdp.mk]
Date: 17/12/2025 10:16
To: <sanja.jovanovic@adsdp.mk>
Cc:

- Reply
- Reply All
- Forward
- Flag
- Delete
- Add Contacts
- Create Community
- Filter Junk Mail
- Show All Headers
- Print View

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 19-12-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 7275/1 | | |

----Original Message----
From:[redacted]@gmail.com
Date: 17/12/2025 3:21
To: <finance@finance.gov.mk>, "Info MZSV"<info@mzsv.gov.mk>, <prilep@prilep.gov.mk>, <info@mtc.gov.mk>, <adsdp@adsdp.mk>, <info@economy.gov.mk>, <infoeko@moepp.gov.mk>, <info@mls.gov.mk>, <agencija@app.gov.mk>, <info@katastar.gov.mk>
Subj: Барање за утврдување на правен статус и корисник на државен објект – КП 830/1, КО Канатларци

Почитувани,

Јас, [redacted]

e-mail: [redacted]@gmail.com

тел: [redacted]

се обраќам до Вас со цел конечно и јасно утврдување на правниот статус, корисникот и надлежниот орган за државен објект лоциран на КП бр. 830/1, КО Канатларци, општина Прилеп.

Во изминатиот период се обратив до повеќе институции и ги добив следните официјални информации:

- од Агенцијата за планирање на просторот и Општина Прилеп дека Урбанистичкиот план за с. Канатларци е сè уште во постапка и поради тоа нема можност за нов јавен повик;
- од Општина Прилеп дека истата не е надлежна за располагање со државни деловни објекти;
- од Агенцијата за катастар дека доколку постои концесија или закуп, истата мора да биде заснована на акт од надлежен орган;
- од Министерството за земјоделство дека нема активен оглас, а податоци за договори се водат во подрачни единици.

Истовремено, на терен, во наведениот државен објект:

- се врши дејност – откуп на тутун,
- од страна на трети лица,
- по основ на тврдење дека „постои некаков договор",

  но без јавно достапна информација за истиот.

Со оглед на наведеното, Ве молам да ми ги доставите следните информации:

1. Дали за државниот објект на КП бр. 830/1, КО Канатларци постои важечки договор за:
    - закуп,
    - концесија,
    - користење или управување;
2. Доколку постои договор:
    - која институција го има склучено,
    - на кое правно или физичко лице,
    - за која намена,
    - до кој рок важи,
    - дали е дозволен подзакуп или отстапување на користење на трети лица;
3. Доколку не постои активен договор:
    - која институција е надлежна за управување со објектот;

4. Кој е точниот и законски пат по кој јас, како локален стопанственик, можам:

- да го земам објектот под концесија или долгорочен закуп,
- или евентуално да го купам,

  со цел отворање и работа на маркет, дејност од јавен интерес за селото Канатларци.

Напоменувам дека мојата намера е целосно законско, транспарентно и долгорочно користење, без нарушување на ничии права, но со јасно утврден правен основ.

Ве молам одговорот да ми биде доставен по електронски пат.

Доколку ова прашање не е во Ваша директна надлежност, Ве молам службено да ме упатите кон точниот надлежен орган.

Со почит,

Reply to Sender | Cancel

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

| наш знак | Ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-7275/5 | | 26-12-2025 |

До:
[redacted]

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-7275/1 од 22.12.2025 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-7275/4 | | 26-12-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-7275/1 од 22.12.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-7275/1 од 22.12.2025 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација за утврдување правен статус и корисник на објект –КП 830/1 КО Канатларци

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-7275/1 од 22.12.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со со информација за утврдување правен статус и корисник на објект –КП 830/1 КО Канатларци

Согласно информациите на ПО Прилеп Ви го доставуваме следниот одговор:

АДИССДП не стопанисува со предметниот објект – КП 830/1 КО Канатларци.
Оттука, не можеме да ви дадеме информации и насоки во однос на Вашите прашања кој управува со објектот и каде треба да се обратите.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска